РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА

| Примено: 17. 07. 2025 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг.Един: | Број: | Прилог: | Вредност: |
| 11 | 131 | | |

До:
**Општина Битола**

**Адреса**
Бул. 1 Мај бр. 61
7000, Битола

Службено лице, одговорно за информации од јавен карактер:

**Евгенија Чукалева**
evgenija.cukaleva.ob@gmail.com
contact@bitola.gov.mk

## БАРАЊЕ
## ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

[redacted]

Почитувани,

[redacted] Целта на анализата е да ги увиди постоечките мерки од општините и постоечките капацитети за згрижување на деца и да даде добри примери и препораки како општините можат да ги унапредат локалните политики во однос на поддршка на семејствата и економското вклучување на жените на пазарот на трудот.

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

1. Дали општината обезбедува еднократна парична помош за новороденче? Доколку да, која е висината на тој износ?
2. Дали општината обезбедува еднократна парична помош за второ дете? Доколку да, која е висината на тој износ?
3. Дали општината обезбедува еднократна парична помош за трето дете? Доколку да, која е висината на тој износ?
4. Кој е вкупниот број на градинки и клонови на градинките во општината и колкав е капацитетот за згрижување на деца според возраст?
5. Колку вкупно деца се згрижени во градинките разделени според возраст?
6. Колкав е месечниот надоместок за згрижување во градинка?
7. Дали одредени категории родители/старатели се ослободени од плаќање месечен надоместок во градинка? Доколку да, кои категории?
8. Дали општината обезбедува хигиенски материјали (влажни марамчиња, брисачи итн.) за потребите на градинките?

9. Дали општината обезбедува хигиенски материјали (влажни марамчиња, брисачи итн.) за потребите на основните училишта?
10. Дали во основните училишта во општината се задолжителни училишните униформи за учениците? Доколку да, дали општината плаќа/ги обезбедува училишните униформи во основните училишта?
11. Дали општината предвидува финансиска поддршка за одредени категории семејства кои се во социјален ризик (семејства со повеќе од 2 деца, самохрани родители, семејства со минимален приход, семејства кои користат социјална помош итн.)? Доколку да, колку изнесува финансиската поддршка и за кои групи на семејства?
12. Дали општината предвидува одредени финансиски субвенции за грижа на деца за родителите/старателите кои не можат да ги вклучат своите деца во државна градинка во случаи кога нема место во градинката? Доколку да, кој е износот на финансиските субвенции?
13. Дали општината предвидува некаква финансиска поддршка за родителите/старателите на деца со попреченост? Доколку да, каков тип на финансиска поддршка е предвидена и колкав е износот?
14. Дали општината предвидува некакви мерки за поддршка на родителите/старателите на деца со попреченост? Доколку да, каков тип на мерка е предвидена и за која возраст на детето?
15. Дали општината предвидува мерки за економско јакнење на жени и нивно вклучување на пазарот на трудот? Доколку да, за кои категории на жени и каков тип на мерки се предвидени?

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија

**г) електронски запис**

- д) друго ________________________________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс

**г) е-маил**

- д) друго ________________________________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

**Во Скопје 16.07. 2025 година**

ОПШТИНА БИТОЛА

Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи
Одделение за административни и општи работи

До
Одделение за Јавни дејности

Бр.11-131/2
17.07.2025

**Предмет: Доставување на Барање за пристап до информации од јавен карактер**

Ви го доставувам барањето бр. 11-131/1 за пристап до информации од јавен карактер.

Ве молам за писмено известување по однос на истото (одговор) во рок од 5 работни дена.

Лица за посредување при остварување на слободен пристап до информации од јавен карактер

Емилија Илиевска

17.07.25

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија
тел: 047 234 234 047 208 302 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@t-home.mk www.bitola.gov.mk

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА
Примено: 17. 07. 2025
Орг.Един.: 11 | Број: 131/3 | Прилог: | Вредност:

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за економски развој, јавни дејности и информатичка технологија**
Одделение за јавни дејности

До
Емилија Илиевска
Лице за посредување при остварување на слободен пристап до информации од јавен карактер

**Предмет**: Одговор на Барање за пристап до информации од јавен карактер

Почитувани,

Во врска со вашето барање бр. 11-131/2 за пристап до информации од јавен карактер, врз основа на барање бр. 11-131/1 поднесено од [redacted] ве известуваме дека:

- Во поглед на прашања под реден број 1 до 3 – општината не обезбедува еднократна парична помош за новороденчиња, еднократна парична помош се обезбедува преку ЦСР односно МСПДМ,

- Во поглед на прашања број 4 до 6 во Општина Битола функционираат две градинки со 16 клонови и вкупен капацитет од 1520 деца додека во моментот се згрижени 1457 деца што според возраст е прикажано во следната табела, додека пак месечниот надоместок (партиципација) за згрижување на дете во ДГ изнесува 1490 ден,

| | | | | | | | ХЕТЕРОГЕНА ГРУПА | | КОМБИНИРАНА ГРУПА | ЦРДР |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Проектиран капацитет | Сегашен капацитет | Деца до 2г. | Деца над 2г-3г. | Деца над 3г-4г | Деца | Деца над 5г-6г | До 2 години | Деца од 2-6 г | Деца од 12м - 6 г | Деца |
| 1520 | 1457 | 152 | 229 | 315 | 347 | 292 | 101 | 150 | 76 | 812 |

- Во врска со прашање број 7 покрај оние категории кои се ослободени од партиципација согласно закон во општина Битола дополнително се ослободени и категориите на деца со попреченост и жртви на семејно насилство,

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за економски развој, јавни дејности и информатичка технологија**
Одделение за јавни дејности

- Во врска со прашањата 8 и 9 општината не обезбедува хигиенски материјали но обезбедува буџет со кој градинките и училиштата обезбедуваат сопствени хигиенски материјали,

- Во врска со прашање број 10 во основните училишта во општина Битола се задолжителни училишни униформи,

- За прашања број 11 до 13 во општина Битола во рамките на Програма за социјална заштита се обезбедува еднократна парична помош за физички лица изложени на социјален ризик, жртви на семејно насилство, лица со попреченост, ученици за одредено научно достигнување, лица кои имаат медицински режим на исхрана, помош на семејства погодени од елементарни непогоди, помош на семејства за лекување, поддршка на згрижувачки семејства, Финансиска поддршка на лица со попреченост со цел адаптација на физичката пристапност во нивниот дом преку покривање на дел или целосно на трошоците за адаптација како и опрема адаптирана за лица со попреченост, помош и поддршка при домување во услови на изнајмен дом за жртви на семејно насилство, интервентно згрижување на бездомни лица и лица во ризик кои што поради непредвидени причини, елементарни непогоди, пожар и слично останале без дом, поддршка за лица со ретки болести,

- Во врска со прашање број 14 општината предвидува мерки во рамките на Програма за социјална заштита додека во поглед на прашање број 15 општината предвидува мерки во рамките на Програма за еднакви можности.

17.07.2025

Раководител на одделение
за јавни дејности
м-р Виолета Налевска

Изработил:
м-р Симона Јовеска

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Македонија
тел: 047 234 234 047 208 336 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@mt.net.mk www.bitola.gov.mk

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи**
**Одделение за административни и општи работи**

Бр.11-131/4
18.07.2025

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019), постапувајќи по Барањето информација од јавен карактер од [redacted], поднесено на **17.07.2025 година**, имателот на информацијата **Општина Битола** го донесе следното:

## Р Е Ш Е Н И Е

**СЕ УВАЖУВА** барањето на [redacted], по барање за пристап до информации од јавен карактер **бр.11-131/2025** од **17.07.2025 година**, каде бара информации и анализа за мерки од Општината и капацитети за згрижување на деца.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Барателот [redacted] поднесе барање за пристап до информации од јавен карактер до Општина Битола и заведено под број **бр.11-131/2025** од **17.07.2025 година**. Во барањето наведе дека бара информации и анализа за мерки од Општината и капацитети за згрижување на деца.

Врз основа на барањето информација од јавен карактер имателот на информацијата **Општина Битола ви ја доставува информацијата и прилозите:**

1.Барање за пристап до информации од јавен карактер со бр.11-131/1 од 17.07.2025
2.Допис до одделение за јавни дејности со бр.11-131/2 од 17.07.2025
3.Одговор од  одделение за јавни дејности со бр.11-131/3 од 17.07.2025.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.
Решено во **Општина Битола** на 18.07.2025 година, под бр. 11-131/4.

**Службено лице за посредување при остварување**
**на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер**

**Марија Атанасовска**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА • ОПШТИНА БИТОЛА •